Република Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

Архивски бр. 11-866/19
Дата: 02. 07. 2015

Република Македо[нија]
Министерство за
животна средина
и просторно плани[рање]

Бул."Гоце Делчев" бр. 18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moep[p...]
Сајт: www.moepp.gov.mk

До: "САРДИЧ МЦ" ДООЕЛ
ул. "Будимпештанска" бр. 28
Скопје

Предмет: Достава на Решение за издавање на согласност за спроведување на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово, за потребите на инвеститорот "САРДИЧ МЦ" ДООЕЛ од Скопје

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Решението за издавање на согласност за спроведување на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово, за потребите на инвеститорот "САРДИЧ МЦ" ДООЕЛ од Скопје.

Со почит,

МИНИСТЕР
Nurhan Izairi

Изготвил: Влатко Цветаноски
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Игор Трајковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И
ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11-866/19
Дата 02. 07. 2015

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/14 и 44/15), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# РЕШЕНИЕ

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово, за потребите на инвеститорот "САРДИЧ МЦ" ДООЕЛ од Скопје.

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово, ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина, со задолжување до инвеститорот децидно да го имплементира планот за управување и мониторинг на животната средина.

3. Се задолжува инвеститорот согласно Студијата за ОВЖС да изготви секторски планови за управување, идентификувани во Студијата за оцена на влијание врз животната средина и од мониторнинг на ефикасноста на мерките вградени во време на проектирањето како и мониторинг на оперативната ефикасност на проектот. Тоа подразбира вкупниот План за управување со животната средина, кој што е даден во Студијата за оцена на влијание врз животната средина да се дополни со следните секторски планови и програми : План за управување со водите, План за бездедност и здравје, План за контрола на бучава, Програма за управување со отпад, План за спречување на истекувања, контрола и против мерки, План за дејствување во вонредни состојби, План за управување со отпад од минерални суровини, План за упарвување со експлозии (по потреба), План за управување со отпадни води, План и секторски програми за мониторинг , План за затварање и ремедијација на инсталацијата и План за мониторинг по затворање на инсталацијата. И истите во

соодветна фаза од проектот да бидат доставени до Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање на увид.

4. Се задолжува инвеститорот по добивање на соодветните одобренија од надлежните институции да изготви и достави Акционен план за спроведување на идни активности и обврски, со соодветни фази на вклучување и известување на МЖСПП.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

***Образложение***

Инвеститорот "САРДИЧ МЦ" ДООЕЛ од Скопје со седиште на ул. "Будимпештанска" бр. 28,Скопје, до Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 27.01.2015 година со број 11-866/1 ја достави Студија за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово. Студијата е изготвена од страна на консултантскиот тим на "ЕМПИРИА ЕМС" ДООЕЛ од Скопје, со назначено одговорно лице м-р Константин Сидеровски – експерт за оцена на влијанието врз животната средина.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: топографија, геологија, хидрогеологија површински и подземни води, воздух, вода, почва, ерозија, бучава, отпад, флора и фауна, предел и визуелни ефекти, социјални елементи на животната средина, археолошко и културно историско наследство и кумулативни влијанија и разгледани се можните алтернативни локации за изведба на проектот. Проектот за воспоставување на предложениот рударски комплекс ќе се реализира во опфатот на концесискиот простор за геолошки истражувања, чија вкупна површина изнесува 28,98 $km^2$. Површината на концесискиот простор за експлоатација изнесува 1508 хектари (околу 15 $km^2$). Комплексот ќе произведува до 4.000 тони бакар на годишно ниво. Предложениот рударски комплекс за производство на катоден бакар вклучува две взаемно поврзани групи на активности:

1. Ископ – експлоатација на метлична минерална суровина, преку површински коп, и

2. Технолошки процес за производство на катоден бакар во преработувачки технолошки комплекс. Овој технолошки процес вклучува два посебни функционални сегменти: (i) геотехнолошки комплекс и (ii) преработувачки комплекс

Согласно член 91 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/14 и 44/15) се одржа јавна

расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово, на ден 30.03.2015 година (понеделник) во Дом на културата 25-ти мај, општина Валандово со почеток во 12:30 часот.

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина за проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово, формирана од Министерот за животна средина и просторно планирање, по спроведената јавна расправа, согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006) го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна средина и просторно планирање. Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина. Проектираните заштитни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз животната средина се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 5 од Законот за животна средина.

МИНИСТЕР
NURHAN IZAIRI

Изготвил: Влатко Цветаноски
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Игор Трајковски